Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА САЕМ

Во периодот од 19-21.04.2007 се одржа манифестарцијата Денови на образование и кариера на која учествуваше Машинскиот факултет. Саемот беше солидно посетен од матурантите, а штандот на Факултетот го посетија над 220 ученици-матуранти.

Како и на отворениот ден, така и на саемскиот штанд на Факултетот беа до-делени една гратис партиципација за прва година на студии и пет гратис едукативни материјали за првиот семестер на студии.

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЛАДИЛНА ТЕХНИКА И КЛИМАТИЗАЦИЈА

Во соработка со Меѓународниот Институт за Ладење (Париз), Машинскиот факултет организираше Меѓународна конференција за ладилна техника и климатизација, која се одржа во Охрид, во периодот 19-21 април 2007.

На конференцијата беа презентирани најновите истражувања и примени во праксата, а специјални гости беа: Didier Coulomb, директор на Меѓународниот Инсти-тут за Ладење (Париз), Anders Lindborg (Шведска), Predrag Hrnjak (САД), Andy Pearson (Шкотска), Bjorn Palm (Шведска), Lambert Kuijpers (Холандија), Zahid Ayub (САД), Herman Halozan (Австрија) и др.



На конференцијата учествуваа и експерти од водечките фирми за ладење и климатизација: GEA Grasso, Johnson Controls/York, Mycom, Baltimore Aircoil, Evapco, Guentner, Bitzer, Alfa Laval, Axima, Star Refrigeration, J&E Hall и др. Присуствуваа 100 учесници од 30 земји од сите континенти.

## КОНКУРС

Министерството за образование и наука на РМ распиша конкурс за билатерални проекти во рамките на програмата ИНЕГРАФМ 2008 каде можат да учествуваат научни институции од Македонија и Франција. Конкурсот е отворен до 15 Мај 2007 (дополнителни информации на огласната табла во деканатото на МФ).

Формуларите на кои се поднесуваат проектите се наоѓаат на web-страница: www.egide.asso.fr/programs /saisies de dossiers de candidatures.

## ИНФОРМАЦИЈА

На 10.03.2007 год. започна вториот циклус на обуки за подготвување на бизнис идеите за Центарот за развој на нови бизниси.

## АКТИВНОСТИ

На 19 Април 2007 година на Машин-скиот факултет се одржа свечена цере-монија по повод започнување на обуката за стручно оспособување на офицери, подофи-цери и профе-сионалните војници за цивил-ни занимања, “Лепеза”, која ке ја спроведе Центарот за развој на нови бизниси при Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

## ТЕМПУС - ПОСЕТА

Во рамките на TEMPUS-JEP NSP-ME на МФ престојуваше проф. Д-р Chris Lacor од Врије Универзитетот во Брисел, контрактор на проектот И притоа одржа експертски консултации во областите кои ги покрива проектот.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Славе Арменски на ден 20.04.2007 реализира службено патување во Грција. Цел: Учество на работен состанок на Темпус проектот Quality Assurance and Accreditation System Network (QAASNet).

2. Доц. д-р Валентина Гечевска и проф. д-р Владимир Дуковски во периодот 28 до 31 март 2007 година релизираа службено патување во Италија. Цел: Развивање на e-learning наставни содржини и платформа во рамки на Темпус проектот WEBLAB Web Based Multimedia E-Learning for Applied Technologies.

3. Проф. д-р Томислав Златановски, во период 22-29 април 2007 година релизира службено патување во Бугарија. Цел: Престој на Техничкиот универзитет во Софија каде и циклус предавања по предметот механика на флуиди.

4. Доц. д-р Ристо Филкоски, релизира службено патување во Русија, период од 22-26 април 2007 година. Цел: Учество на Меѓуна-роден семинар "Supporting Tools for Eastern and Central European NCPCs", во Санкт Петерсбург-Русија.

7. Доц. д-р Јамина Чалоска, релизира службено патување во Бугарија, период од 22-26 април 2007 година. Цел: Престој на Техничкиот универзитет во Софија во рамки на CEEPUS програмата.

5. Проф. д-р Предраг Поповски и вон. проф. д-р Валентино Стојковски реализираа службено патување во Словенија, период 17-20 април 2007. Цел: Присуство на испитување на турбинско работно коло за потребите на ХЕЦ Св. Петка.

6. Проф. д-р Миле Димитровски, релизира службено патување во Словенија, во период 16-18 април 2007 година. Цел: Посета на фабриката Искра од Крањ заради запознавање со производниот процес на мерна техника од областа на машинството.

6. Проф. д-р Јанко Јанчевски, релизира службено патување во Словенија, во период од 17-20 април 2007 година. Цел: Присуство и презентација на сопствен труд на Меѓународен симпозиум во Порторож-Словенија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.04.2007**
**28 СЕДНИЦА НА ННС**

**31.05.2007**
**29 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2007, април, број 60**

**ФАКУЛТЕТСКИ**

**ИНФОРМАТОР**

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОТВОРЕН ДЕН

На 14 Април 2007 година се одржа отворен ден на Машинскиот факултет во Скопје, на кој беа поканети матурантите од средните училишта во Скопје и од целата држава да го посетат Факултетот.

На отворениот ден, Факултетот го посетија близу 150 ученици од средните училишта, а притоа беа особено присутни гимназијалците. Во текот на настанот беа доделени неколку награди: една гратис партиципација за прва година на студии и пет гратис едукативни материјали за првиот семестер на студии.